**20211983432**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 106, а во врска со член 75 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македнија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20 и 163/21), министерот за труд и социјална политика донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ОБЕМОТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ, НОРМАТИВИТЕ И СТАНДАРДИТЕ ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ, ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ**

Член 1

Во Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги, помош и нега во домот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.268/19), во член 11 во ставот 2 зборовите „водителот на случај“ се заменуваат со зборовите „стручниот работник“.

Во ставот 3 зборовите „Водителот на случај“ се заменуваат со зборовите „Стручниот работник“.

Во ставовите 4 и 5 зборовите „водителот на случајот“ се заменуваат со зборовите „стручниот работник од Центарот“.

Член 2

Во член 14 во ставот 2 зборовите „водителот на случајот“ се заменуваат со зборовите „стручниот работник од Центарот“.

Член 3

Во член 18 во ставот 1 зборовите „водителот на случај“ се заменуваат со зборовите „стручниот работник од Центарот“.

Член 4

Во член 26 во алинејата 7 зборовите „водителот на случајот“ се заменуваат со зборовите „стручниот работник од Центарот“.

Член 5

Во член 28 во алинејата 4 зборовите „водителот на случај“ се заменуваат со зборовите „стручниот работник од Центарот“.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-5668/1
17 август 2021 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Јагода Шахпаска**, с.р.